UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL



YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад*....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* .......................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурната поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ........................................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* ..........................................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* .................................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба*.............................................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* .......................................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ...............................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување*........................................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба*...........................................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател" и нејзина примена во меѓудржавните односи*.....................................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање*.........................................................................................137

**СИМОНОВ Александар**

**УДК: 327.01**
**327:321.011**

# АНАЛИЗА НА ШМИТОВАТА КОНЦЕПЦИЈА „ПРИЈАТЕЛ И НЕПРИЈАТЕЛ“ И НЕЈЗИНА ПРИМЕНА ВО МЕЃУДРЖАВНИТЕ ОДНОСИ

**Апстракт:** Она на што е ставен фокусот во овој труд е Шмитовата претстава „за политичкото'“ кое практично претставува сложен систам на заемно поврзани идеи (што всушност е политичко). Според него, за да постои политичкото, потребно е да постојат непријатели (кој, каде и кога станува непријател). А за да имаш непријател, треба да поседуваш суверенитет (што според него тоа претставува и кој го поседува?). Какви се односите внатре во суверинитетот? Суверенитетите се судираат меѓусебе непризнавајќи ја туѓата волја над својата (каков е конфликтот помеѓу нив? Кој е највисокиот степен на конфликтност?). На кој начин го разбира либерализмот (постои ли можност за несудрување на суверенитети?)

Неговите достигнувања денес се составен елемент од политичкото образование во западните универзитети, а сè поголем интерес за неговата рабрта се појавува и на истокот. Како резултат на ова се јавуваат прашањата:

- Постојат ли елементи од неговите теоретски видувања во современите меѓудржавни односи?
- Колку се застапени на практика?
- Останува ли националниот интерес секогаш на прво место?
- Која парадигма доминира во денешните меѓународни односи?

**Клучни зборови:** *политичко, пријател и непријател, војна, суверенитет, држава*

**SIMONOV Aleksandar**

**UDK: 327.01**
**327:321.011**

# ANALYSIS OF SCHMIDT’S “FRIEND AND ENEMY” CONCEPT AND ITS APPLICATION IN INTERNATIONAL RELATIONS

**Abstract:** This paper focuses on Schmidt's concept of “the political”, which is a concept that represents a complex system of interconnected ideas (the essence of which is political). He claims that “the political” cannot exist without an enemy (who, when and why becomes an enemy). And to have an enemy, you must have sovereignty (what does sovereignty mean for Schmidt and who has it). What is the nature of domestic affairs in the sovereign society? Sovereignties tend to clash with one another since they do not recognize anyone else’s will as superior to theirs (What kind of conflict is there between the sovereignties? What is the highest level of such conflicting situations?) How is liberalism perceived (Is it possible to avoid conflicts between sovereignties?)

Nowadays, his contribution is an essential element of the political education at western universities. The interest in his work is rapidly growing in the east as well. As a result of such interest, the following questions arise: Could the elements of his theoretic concept be recognized in the contemporary international relations? How often are they found in practice?

Do national interests always remain the most important ones in such a concept? What kind of paradigm is dominant in international relations nowadays?

**Key words**: *the political, friend and enemy, war, sovereignty, state*

## ВОВЕД

Шмит се смета за најпрепознатлив и најконтроверзен претставник на германската филозофијата на правото во дваесеттиот век. Теоретскиот пристап кон она што го пишува има изразен реалистички карактер по однос на меѓународните односи, но повеќе од јасно е дека идеолошки тој е претставител на конзерватизмот. Недостатокот на сентименталност, моралност и хуманистичка реторика во неговата политичка анализа му го даваат епитетот „современиот Макијавели" и не случајно наидува на голема поддршка кај фашистичката управа во тоа време.

Најголемиот дел од конзервативните револуционери се откажале од хитлеровата варијанта на национал-социјализмот, а Шмит, напротив, пристапува кон партијата и активно учествува во работата за режимот. Сепак тој никако не смее да биде оценет како приврзаник на баналниот конзерватизам. За неговите идеи се смета дека даваат посебен допринос во развивањето на хитлеровиот систем, а неговото пребрзо напредување во НСДАП[1] и секако, добивањето на високи државни функции, ја изобразуваат склоноста на фашистичката управа кон неговите теории.

Денес во современите меѓународни односи многу често теоретичарите се повикуваат на Шмитовите реалистички гледишта во меѓународните односи, особено ако се има предвид дека владеењето на либералната парадигма често паѓа во сенка пред националните интереси, а тоа го потврдува и фактот што во најголем дел од европските држави во државните парламенти доминира десницата. Бројот на историски случувања кои се совпаѓаат со Шмитовите гледишта е голем, а може да се констатира дека денес, како и во иднина, државните (националните) политики содржат Шмитови елементи.

### *За политичкото*

Шмит не посветувал толку внимание на правото колку што посветувал на политичката наука. Политиката влегувала во рамките на сите правни курсеви. За свои учители ги сметал основноположниците на европскиот конзерватизам – Жозеф де Местра, Боналд, Кортес, идеолози на тоталитарната држава Макијавели и Хобс, исто како и марксистичките и анархистичките теоретичари како Џорџ Сорел.[2]

Во 1927 година, Шмит напиша релативно мала статија која беше објавена во списанието „Архива на општествените науки и социјална политика", славно списание што беше основано од Макс Вебер со пријателите. И покрај тоа што беше многу важна статија, никој не знаеше каква иднина има пред неа.[3] Статијата била една од многуте публикации на Шмит во тоа време. Но следователно се зголемува интересот, за подоцна статијата да се претвори во брошура со разни дополнувања, и во 1963 година да излезе во нејзината последна верзија. Првото прашање кое се јавува е зошто Шмит својата работа ја именува „за политичкото"? Главната негова идеја не е да ја претстави политиката како нешто на кое државите, ниту пак политичките партии имаат право, како што најчесто е таа определена; напротив, неговата цел е укажување на постоењето на политичкото во било која општествена сфера од човековото живеење. Концептот на политичкото може да се дефинира само преку наоѓање и поставување на специфични

[1] Националсоцијалистичка германска работничка партија / Nationalsozialistische Deutsche Arbeiterpartei.

[2] В. Г. Баев. 2013.

[3] Филиппов, А. 2015.

политички категории во релативно независни предметни области на човековото размислување и дејствие. Државата се јавува како нешто политичко, политичкото се јавува како нешто државно и овој круг е постојано отворен. Но, можно ли е државно без политичко? –Не. А можно ли е политичко без државно? –Да. Ваквото поставување на Шмит ни го дефинира неговото разбирање за постоењето на политичкото во секоја сфера, за кое истакнува дека има негативен одраз.

Неговата претстава за специфични политички категории во релативно независни предметни области на човековото размислување и акција е опишана преку постоењето на спротивставеност (противположба) во разни сфери на човековото живеење. Пример за ова е спротивставеноста во моралната сфера како „добро и зло"; во естетиката како „прекрасно и безобразно"; во економијата како „корисно и бескорисно"; во науката како „вистина и невистина". Секоја спротивставеност - верска, морална, економска или етничка - се претвора во политичка, ако е доволно силна за ефикасно да ги подели луѓето во табори на пријатели и непријатели.[4] Нејзин главен елемент се спротиставените страни, од каде произлегува концептот на „пријател и непријател" чија поставеност е поразлична од онаа на веќепостоечките. Мајер нагласува дека во однос на политичките прашања, Шмит не зборува за „нова предметна област", туку дека таа припаѓа заедно со сите други.[5]

***Концепт на „пријател и непријател"***

Разликата помеѓу пријателот и непријателот се состои за да го определи степенот на интензитет на зближување или разединување по однос на нештата. Во неговата теорија, Шмит речиси воопшто не се задржува на разбирањето за тоа кој е „пријател", едноставно него го определува како некој со кој сте на иста страна, немате никаков меѓусебен судир на интереси, и речиси не му оддава никакво внимание. Целата негова работа, всушност, е посветена на непријателот – кој може да биде, каде се среќава, како да се оди во борба со него. Како што забележува Мајер, промените направени од страна на Шмит во изданието од 1932 година имаа за цел да дадат карактеристика на политичкиот концепт што би овозможил претстава за овие „екстремни случаи".[6]

Непријателот практично е страната со која вие имате спротиставеност, но тој никогаш не се јавува индивидуално или приватно. Непријателот е секогаш јавен, но тоа што тој ви е непријател не значи дека тој е морално злобен, естетски безобразен, економски конкурентен или слично; напротив, може да произлезе дека всушност со него е добро да се соработува[7]. Но без разлика на неговите позитивни карактеристики, никогаш не смее да се заборави дека тој ти е непријател. Ваквото определување Шмит го дава преку критериум, а не преку конкретно дефинирање.[8]

Според ова постоењето на непријателство не се означува како непроменлива категорија која ќе трае вечно. Непријателот е како облачно време, не секогаш е загарантирано дека ќе заврне или ќе има бура, постои и можност да се појави сонце. Бројот на вакви примери во меѓународните односи е голем, како во историската, така и во современа етапа. Пример за ваквото негово видување во историјата претставува проблемот со кој се соочуваат европските народи како резултат на ширење на отоманската империја. Во дадената историска епоха, европските народи се во постојан судир на интереси, но раширувањето на Отоманската Империја и нејзиното допирање

[4] Schmitt, C. 1932.
[5] Майер, Х. 2012.
[6] Дмитриев Т. 2012.
[7] Економската борба со твојот непријател (конкурент) може позитивно да се одразува на твојата економија и да продуцира постојан развој.
[8] Strauss L. 1932.

до австро-унгарската граница ги обединува разнишаните односи помегу европските народи наспроти заеднички непријател. Нивниот заеднички непријател е опасноста од загрозување на нивните граници, суверенитетот, а фактот дека нивниот непријател има различна религија им претставува дополнителен притисок. Ваквата ситуација им ја променува улогата на непријатели, и ги става на иста страна при појавувањето на заедничка цел. Овој историски момент целосно ја поддржува оваа Шмитова теорија.

Во поблиската историја, бројот на вакви примери е голем и произлегува како резултат од крајот на Студената војна и распадот на Варшавскиот пакт, по што добар дел од државите сосема ги променија, како своето внатрешно уредување, така и надворешната политика, и преминаа на „другата страна". Интересно прогнозирање во овој контекст е можната промена во иднина на спротиставеноста помеѓу САД и Русија. Колку ова во дадениот момент да звучи нереално, постои група аналитичари од рангот на Кисинџер и Бжежински[9] кој оставаат можност во иднина тоа да се случи. Како причина за ваквата можност го наведуваат непрестано забрзаниот раст на кинеската економија, индустрија и секако воена способност, која може да ја заземе доминантната улога во светот. Ова би ги ставило САД на второ место, додека од геополитички аспект би можело да претставува закана за Русија.[10] Ваквата поставеност на работите отвора простор за дискутирање и појавување заеднички непријател (конкурент) и потреба од нивна заемна соработка.

### *Појавување на непријателот*

Противположеноста на нештата и нивната меѓусебна борба го заокружуваат разбирањето на Шмит за политичкото. По однос на тоа каде се појавуваат непријателите, Шмит навлегува во многу сфери, и во овој труд најмногу им посветува внимание на оние кои се пројавуваат како актуелни во меѓународните односи.

**Религиозната заедница**, како таква води војна, без разлика дали против припадниците на друга верска заедница, или внатре во неа, покрај тоа што се јавува како религиозно опшество – во неа има некакво политичко единство. (Шмитт, 1932: 342). Веројатноста дека спротивставеностите помеѓу религиите ќе доведат до конфликти од екстремни размери е многу поголема, додека внатре во самите религии, спротивставеностите често резултираат со појавување на конфесии во самата религија.[11] Според примерите за заеднички непријател спомenати погоре, може да се заклучи дека и процесите на екуменизација[12] спаѓаат во опсегот на политичкото.

Истиот овој вид на спротиставеност може да се однесува на **економскиот фундамент**. Класата, во марксистичка смисла на зборот[13], престанува да биде чисто

[9] Хенри Кисинџер и Збигњев Бжежински се сметаат за едни од најголемите аналитичари (геополитиколози) во 21 век кои во нивните дела „Дали на Америка и е потребна надворешна политика'' (Х.К.) и ,,Големата шаховска плоча'' (З.Б.) оставаат простор за вакви сценарија во иднина.

[10] Постои зголемената соработка помеѓу Русија и Кина во последното десетолетие. Голем број на билатерални договори од секоја област, а создавањето на БРИКС може да се смета за круна на нивната соработка. Но и покрај овие факти дел од западните аналитичари гледаат постоење на шанса за пресврт во нивните односи.

[11] Претставувањето на примери од религиозни војни е изоставено, ваквата поставеност се смета за доволно јасна.

[12] Терминот „екуменизам" се однесува на напорите на христијаните од различни црковни традиции да развијат поблиски односи и подобро разбирање. Терминот исто така често се користи за претставување на напорите за видливо и органско единство на различни христијански деноминации во некоја форма.

[13] Карл Маркс ја базираше својата теорија за конфликти врз идејата дека модерното општество има само две класи на луѓе: буржоазијата и пролетаријатот. Буржоазијата е сопственик на средствата за

економско претставување и станува политичка величина кога ја достигнува нејзината критична точка, односно моментот на започнување на класната борба. Шмит ја гледа класната борба како политичко развивање – најпрвин, внатре во државата се појавува класниот непријател и пролетаријатот се бори против него. Во случај на победа на пролетаријатот следува ново државно уредување (комунистичко). Кога новото државно уредување настапува на сила, постоечките внатрешни борби ги снемува, а се појавува новиот политички непријател[14] кој има меѓудржавен карактер. Како резултат на ова, го имавме биполатниот систем, период на политичка, воена и економска неизвесност кој трае доволно долго и завршува со крајот на Студената војна.

Најсликовит пример за постојаното постоење на политичкото и непријатели е примерот со **пацифистите.** „Ништо не може да ги избегне неминовните последици од политичкото. Ако непријателството на пацифистите кон војната станало толку силно, би можело да ги наведе во војна против не-пацифистите" (Schmitt, 1932: 355). Колку и да е добронамерна идејата на пацифистите, истата не може да заживее затоа што тие секогаш ќе имаат непријатели, и доколку сакаат да постои пацифизам, ќе мораат да го прифатат фактот дека имаат спротивставен непријател. Сè додека не ги победат не-пацифистите, пацифизам нема да постои, а за да ги победат нив, потребна е да војуваат со нивниот непријател.

Примерите на претставување на непријателство кои беа разгледувани имаат меѓу-државен, меѓу-иделошки или меѓу-религиозен карактер. Внатре-државните непријателски односи, Шмит ги поставува за второстепени. Тие претставуваат конкретна спротиставеност во конкретна ситуација. Индивидуите припаѓаат на различни групи – во дел од тие групи, тие се наоѓаат на иста страна (како пријатели), додека во друг дел, се јавуваат на спротивната страна (непријатели). Ваков пример може да бидат луѓе кој припаѓаат на иста религиозна група, припаѓаат на различна економска група, истите тие две индивидуи можат да имат уште неколку заеднички и спротиставени групи (политичка ориентација, етничка припадност итн). Ова потсетува на парадоксот на Бертранд Расел – множество на множества. Овој вид на непријателски односи не треба да достиге висок интензитет и да доведе до војна, па затоа им се подредени на предходните.

***Внатре-државни видувања***

Шмит го гледа изедначувањето на политичките со партиско-политичките интереси како најголем грев во внатреполитичките односи во државата. Што се однесува до политичката борба за добавување до власт внатре во државата, таа може да биде било каква, но во ниту еден случај не смее да се дозволи изедначување или претставување на партискиот интерес како интерес на државата. И заради тоа, потребно е државно (национално) определување на политиката од кое не смее да отстапува ниту еден политички субјект кој во даден момент ќе ја има власта. За акцентирањето на значењето на потребата од внатре-политичко единство говори неговата допустливост на демократски избраната власт да се служи со недемократски методи со цел да обезбеди единствена национална политика. Според поголемиот дел од научниците кои се занимаваат со истражувања од оваа област, се претпоставува дека оваа е една од идеите која наишла на прифаќање од фашистичката власт.

Акцентирањето на важноста за државно (национално) единство оди до тој степен што, според Шмит, разделбата на властите (извршна, законодателна, судска) не е ништо

---

производство: фабриките, бизнисите и опремата потребни за производство на богатство. Пролетаријатот се работниците.

[14] Како политички непријател се гледа државата која има поинакво уредување.

друго освен усложнување на процесот на создавање политичко единство, како и влијание врз ефикасноста на одлуките кои ги донесува власта. Од друга страна пак, разбирањето за слободата е сосема различно од денес прифатеното, и доколку се разгледуваат компаративно, во неговото разбирање на слободата доминираат должностите во однос на правата кои индивидуата ги има кон државата. Александр Филипов, Шмитовото разбирање на слободата го опишува вака:

„За да можат ефективно да се спротивстават еден на друг, во такво единство мора да постои мир, мора да постои единство на сите граѓани, односно, не смее да има политичка конкуренција или политички живот. Значи, можете да ја браните својата слобода од други политички сојузи, но оваа слобода е слободата на граѓанинот кој е солидарен, обединет со целиот свој народ, со целото негово политичко единство. Слободата во вашата држава да се однесувате како што сакате, не е слобода, како што ја разбираме во нашето модерно чувство за граѓански слободи. Ова дефинитивно е вид на политички концепт, кој е толку примамлив, но и опасен, и затоа предизвикува огромна дискусија“ (Филиппов, 2015).

***За суверенитетот***

Кој го има суверенитетот внатре во државата?

Организираното политичко единство кое може да донесе решение за тоа кој е пријател, а кој непријател; во пракса, оној кој решава за исклучоците, прекршувањата на правилата и одлучувањето за војна. „Во случај да не можеш да одлучиш кој е твој непријател и немаш способност да влезеш во војна со него, тогаш ти не поседуваш суверенитет. Доколку еден народ објави дека нема непријатели, тогаш тој сам застанува на страната на непријателот и во крајна мера му служи нему“ (Филиппов, 2015). Ваквото размислување, Александр Филипов го опишува преку примерот за грчките полиси - „само кога некое лице учествува во борбата за да го обезбеди својот полис, тогаш тоа политичко единство е слободно, независно од другите. Па така, политичките одлуки можат да се донесат без да се потпираат на никого и да не се донесуваат од некој кој не му припаѓа политиката, само во овој случај, соочување со сѐ друго, освен се разбира не со пријателите, би можело да се смета за вистински политичко битие„ (Ibidem).

***За војната***

Војната е највисок степен на спротивставеност – спротивставеност оценета како најинтензвна, конкретна политичка позиција која се доближува до крајната точка на поделба во групи на пријатели и непријатели. Екстремниот конфликт со непријателот не се води за било што, туку за зачувување на сопствениот егзистенцијален вид. Во ваков случај, се јавува потребата од претставување на непријателот како морално злобен, естетски безобразен или било каков, што би му влијаело на сопствениот народ безрезервно да влезе во војна против него. Шмит ја дефинира војната како готовност на воините да се борат за смрт, физичко убивање на другите луѓе кои се наоѓаат на страната на непријателот – во тоа не постои нормативен смисол, само егзистенционален, и реална ситуација на вистинска борба против вистински неријател, а не за било какви идеали, програми или севкупност на норми.

Во ваквото определување, тој зборува за „физичко убивање“ на луѓето од страна на непријателот, што на прв поглед делува малку зачудувачки затоа што користи физичко, а не само убивање. Претпоставка е дека причината за ваквото дефинирање е неговото религиозно образование и фактот дека тој има пораснато во католичко семејство. На едно од неговите предавања каде тој ги искажува своите видувања за војната, поставено му е прашање зошто вие зборувате за убивање кога и самите се определувате како религиозен, а религијата го забранува тоа. На тоа Шмит одговорил

дека религијата во поглед на убивањето зборува за твојот личен (приватен) непријател, и таквото убиство се осудува, но никаде во религијата не стои запишано дека доколку некој ја нападне твојата религија, ти немаш должност да ја заштитуваш. По однос на ова, произнесува уште еден специфичен момент кој ги разграничува улогите на индивидуите во дадена ситуација, каде што убиството во војна го гледа како борба на два државни апарати, а не како борба на индивидуи. Оттаму и станува јасно зошто непријателот тој го опишува како јавен, а не индивидуален.

Покрај ваквите макијавелистички[15] карактеристики на филозофија, постојат и некакви морални елементи во опишувањето на војната кои што државниците ги злоупотребуваат. Барањето од луѓето да убиваат други луѓе и да бидат спремни да бидат убиени заради развој на трговијата, индустријата или за зголемување на потрошувачката способност на нивните внуци го оценува како жестоко и бессмислено. Или пак, тврдењето за водење војна во која ќе убиваат и можат да бидат убиени за никогаш повторно да нема војна, го оценува како јавна лага. Но, важно е да се забележи дека, и во случај на ваква негова конструкција која нема да покажува дека крајната цел не секогаш е да војуваш против другата страна, Шмит не покажува никакви склоности кон човековата добрина или кон либералните видувања; напротив, тој силно се спротивставува на либералните концепти, и според него, човековата добрина не е ништо повеќе освен аргумент на либералите.

***За либерализмот***

„Вистина, либерализмот не ја подложи државата на радикално негирање, но од друга страна, не најде ниту некаква позитивна теорија за државата и каква било сопствена државна реформа, туку само се обиде да ја поврзе политиката врз основа на етиката и да ја потчини на економијата, и ја создава доктрината за одвојување и заемно балансирање на „властите", т.е. систем на мешање и контрола на државата. Либералите во сите земји водеа политика со другите субјекти и влегуваа во коалиции со небирливи елементи и идеи, претворајќи се во национални либерали, социјални либерали, слободо-конзервативни либерали, либерални католици и сл." (Schmitt, 1932: 298).

„Војната предводена од таканаречената либерална држава е војна против самата идеја за војна. Секоја војна под либерализмот е последната војна во смисла дека се води така што „никогаш нема да има војни""(Ibidem). Но, како што забележува Шмит, таквите војни секогаш биле забележливи за нивната нечовечност „зашто тие, надвор од политиката, истовремено мора да го одвлечат вниманието од непријателот во категориите морални и други и да го направат нечовечко чудовиште, кое не само што мора да биде победено, туку мора да биде и целосно уништено". Либерализмот ги воведува моралните концепти во политиката, поточно ја толкува политичката (вклучувајќи и воена) позиција во моралните категории. Да се биде убеден во релевантноста на ова убедување на Шмит, доволно е да се види во која смисла западните либерални медиуми ја покриваат борбата против таканаречениот „меѓународен тероризам." Водејќи ја војната против самата идеја за војна, либерализмот на тој начин само ја нагласува егзистенцијалната коренитост и неизбежноста на војната и непријателството. Ваквите негови мислења наидуваа на удар кај многу либерали.

## ЗАКЛУЧОК

---

[15] Макијавелизам е поим во психологијата каде лицето има склоност да ги мами и манипулира другите со цел да постигне некоја лична добивка. Овој концепт е инспириран од ренесансниот политиколог Николо Макијавели, поточно од неговото дело „Владетелот". Неретко овој поим се користи во контекст на неморалност или суровост.

Уште по создавањето на концептот „пријател и непријател“ може да се извлечат претпоставки за истакнувањето на националните вредности и потребата за себезаштита како највисока вредност во Шмитовото разбирање за тоа како функционираат меѓудржавните односи. Неговата претстава за политичкото е полна со контрадикторни елементи, не само за претставниците на либералните парадигми, туки и за луѓето кои се занимаваат со конфликтологија.

Сепак, она што не може да се негира без разлика како Шмит ги поставува и изобразува работите, е историјата на меѓународните и меѓудржавните односи која содржи многу случувања што се во целосна согласност со неговите видувања. Денешната поставеност на политиката која ја водат европските држви и процесите на интеграција кои се одвиваат се во спротивност на ваквите видувања на Шмит, но не смее да се заборави фактот дека и Лигата на нациите беше создадена токму со цел спречување на нови војни, а заврши со најголемата војна во историјата. Покрај постоењето на над-националните организации кои имаат за цел заштита на послабите и индивидуиите, неминовен е и фактот дека единствениот кој би се борел за интересите на твојата држава е токму твојата држава. Самите над-национални структури (сојузи) се претставувани од државите, впрочем, тоа претставува институционализирана борба помеѓу суверенитетите, и во ваквата борба која е претставена како барање на консензуси, решенија, или во создавање на договори заради конкретна спротивставеност, колку и во даден момент да се истакнува „општото добро“, секоја од страните тргнува со цел заштитување на *својот* интерес и подобрување на *своите* позиции.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Баев, В.Г. 2013. Политические взгляды Карла Шмитта, Москва: новый индекс научная сеть – „современное право“;

Дмитриев, Т 2012. Спор об основах политического: Лео Штраус versus Карл Шмитт (статија);

Майер, Х . 2012 Шмитт, К. Лео Штраус, Л и «Понятие политического»
/ пер. с нем. Ю. Ю. Коринца. М.: Скименъ;

Schmitt, C. 1932. Das politische;

Strauss L. (1932) Пресс. Anmerkungen zu Carl Schmitt’s «Der Begriff des Politischen» // Archiv für Sozialwissenschaft und Sozialpolitik;

Филиппов, А. 2015. Политическое у Карла Шмитта. ПостНаука (статија/интервју);

Шмитт, К. (2000 [1922]). Политическая теология / пер. с нем. Ю. Ю. Коринца. М.: Канон-Пресс.

Интернет:

Основные идеи политической философии Карла Шмитта - knowledge.allbest.ru https://knowledge.allbest.ru/philosophy/3c0a65635a3ad79a5c43b89421316c36_0.html

by Carl Schmitt - Stanford Encyclopedia of Philosophy (2014) https://plato.stanford.edu/entries/schmitt/#ConPolCriLib